**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ - СТРАТЕГИЈА

## за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје за периодот 2025-2028 година

Скопје, февруари 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24), а во врска со член 10 став 1 точка 3 од Законот за градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија” број 55/04 и 158/11), Советот на Градот Скопје, на седница, одржана на 2025 година, донесе:

# СТРАТЕГИЈА

# ЗА НЕГУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТЧИСТВО, ДЕФИЦИТАРНИ ЗАНАЕТЧИИ И ЗАНАЕТИ ВО ИЗУМИРАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2028 ГОДИНА

## ВОВЕД

Занаетчиството во градот Скопје е традиционална економска активност која има долга историја, но во современиот економски контекст се соочува со бројни предизвици и можности. Иако занаетчиите отсекогаш биле значаен дел од локалната економија, денес нивната улога се трансформира под влијание на модернизацијата, глобализацијата и дигитализацијата. Во оваа насока, клучните аспекти се поврзани со:

### *1. Улогата на занаетчиите во економијата*

Занаетчиите претставуваат мал, но значаен дел од македонската економија. Тие вработуваат дел од локалното население, каде што нивните услуги и производи се незаменливи. Многу од занаетчиите работат во сектори, како што се:

- Производство на ракотворби (плетење, ткаење, резбарство, грнчарство и сл.);
- Поправка на обувки, часовници, мебели сл.;
- Изработка на накит, ковачки и други метални занаети;
- Кројачки и шивачки услуги.

Во многу случаи, овие занаети се семејни бизниси кои се пренесуваат од генерација на генерација, одржувајќи го културниот идентитет на заедниците.

### *2. Предизвици со кои се соочуваатзанаетчиите*

Занаетчиите во градот Скопје се соочуваат со повеќе предизвици кои ја ограничуваат нивната економска улога:

- **Конкуренција од масовното производство:** Со порастот на евтини индустриски производи, занаетчиите имаат тешкотии да се натпреваруваат на пазарот бидејќи нивните производи обично се потценети заради високите трошоци за рачна изработка.

- **Намалување на интересот за традиционалните занаети:** Младите генерации покажуваат сè помал интерес за учење и продолжување на традиционалните (и дефицитарните) занаети, што доведува до ризик од исчезнување на овие занаети.

- **Финансиски и административни бариери:** Многу занаетчии имаат ограничен пристап до финансии и субвенции за развој на својот бизнис.

### *3. Влијанието на занаетчиите врз локалната економија*

Иако занаетчиите се соочуваат со низа потешкотии, нивното присуство е од витално значењеза локалната економија. Во руралните делови на градот, занаетчиството може да биде единствениот извор на доход за некои семејства. Дополнително, туристите се значаен извор на приходи за занаетчиите, особено поради нивниот интерес за традиционални ракотворби кои ги претставуваат културните вредности на Република Северна Македонија. На тој начин занаетчиството игра значајна улога и во културниот туризам. Во оваа насока, потребни се програми за поддршка на занаетчиите кои вклучуваат:

- Обуки за модернизација на работните процеси и промоција на ракотворбите преку интернет (особенопреку е-трговија);

- Субвенции и грантови за поддршка на мали бизниси;

- Промоција на занаетчиството како дел од туристичката понуда на Република Северна Македонија.

### *4. Потенцијални можности за развој*

И покрај предизвиците и потешкотиите со кои се соочуваат, занаетчиите имаат потенцијал за раст и развој, особено преку:

**- Дигитализација и онлајн продажба:** Многу занаетчии започнуваат да ги продаваат своите производи преку интернет платформи, отворајќи нови пазари не само во државата, туку и надвор од неа;

**- Промоција на уникатни локални производи:** Производите кои го носат печатот на традиционалната македонска култура се сè повеќе барани од туристите и љубителите на автентични ракотворби;

**- Воспоставување занаетчиски задруги**: Со здружување, занаетчиите можат да ги намалат трошоците за производство и да го подобрат пристапот до пазарите.

Моменталната состојба на занаетчиите во Република Северна Македонија е динамична и полна со предизвици, но и со можности за иновации и развој. Занаетчиството продолжува да биде важен дел од локалната економија и културниот идентитет на земјата. Со добри стратегии за поддршка и модернизација, занаетчиите можат да имаат поизразена улога во развојот на македонската економија, особено во контекст на малите бизниси и туризмот.

Според податоците на Светска Банка, малите и средните претпријатија (МСП), во кои спаѓаат и занаетчиите играат голема улога во повеќето економии, особено во земјите во развој. МСП претставуваат најголем дел од бизнисите ширум светот и се важни генератори за создавање работни места и придонесуваат за глобалниот економски развој. Тие претставуваат околу 90% од бизнисите и повеќе од 50% од вработеноста ширум светот. Формалните мали и средни претпријатија придонесуваат до 40% во бруто домашниот проидзвод (БДП) во економиите во развој. Овие бројки се значително повисоки кога се вклучени неформалните мали и средни претпријатија (МСП).

Според податоците на Светска Банка до 2030 година ќе бидат потребни 600 милиони работни места за да се апсорбира растечката глобална работна сила, што го прави развојот на малите и средните претпријатија висок приоритет за многу влади ширум светот. На пазарите во развој, повеќето формални работни места се генерирани од малите и средните претпријатија, кои создаваат 7 од 10 работни места. Сепак, пристапот до финансии е клучното ограничување за растот на малите и средните претпријатија, тоа е втората

најцитирана пречка со која се соочуваат малите и средните претпријатија за да ги развијат своите бизниси на пазарите во развој и земјите во развој.

Во Република Северна Македонија, 99% од вкупниот број на активни деловни субјекти се микро, мали и средни претпријатија, додека на ниво на Град Скопје овој процент изнесува 98,56. Во државата има добра бизнис клима, бидејќи според Извештајот на Дуинг бизнис 2020 на Светска Банка, Република Северна Македонија е рангирана на 17-то место според леснотијата на водење бизнис од вкупно 190 земји. Во 2019 година била рангирана на 10-то, а во 2018 година била рангирана на 11-то место. Според Глобалниот извештај за конкурентност 2019, издаден од страна на Светски економски форум (WEF), Република Северна Македонија според рангирањето за глобален индекс на конкурентност се наоѓа на 82-ро место од вкупно 141 земји. Според Индексот на економски слободи, кој го објавува Фондацијата Херитиџ („The Heritage Foundation“), Република Северна Македонија е рангирана на 46-то место, од вкупно 178 земји.

Согласно Законот за Град Скопје, во надлежност на Град Скопје е локалниот економски развој. Една од надлежностите во рамките на оваа област е утврдување на Стратегија и давање поддршка на развојот на занаетчиството во градот Скопје.

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА

Според потребните сегменти кои треба да ги опфати оваа Стратегија на Град Скопје, тимот на Град Скопје, во соработка со Занаетчиска комора Скопје, користеа методологија која беше поделена во осум основни фази:

### *Прва Фаза*

Првата фаза започна со воведна консултативна средба на претставници од Град Скопје и Занаетчиска комора Скопје. На истата беа дефинирани сите засегнати страни кои треба да бидат вклучени во изработката на Стратегијата и беше дефинирана динамиката на изработката на овој стратешки документ.

### *Втора фаза*

Во втората фаза се спроведоа интервјуа со релевантни засегнати страни, односно претставници од надлежни институции и занаетчии од повеќе сектори.

### *Трета фаза*

Во третата фаза беше опфатена анализа на постојната состојба во областа на занаетчиството во Град Скопје. Во овој процес се применуваа класичните научни методи (анализа, синтеза, индукција, дедукција и сл.) и релевантни специфични методи за поодделните анализи, согласно потребите. За изработка на анализите се користеа официјални податоци, анализи, студии и стратешки документи подготвени од надлежни институции.

***Четврта фаза***

Во четвртата фаза беше анализирана законската регулатива. Исто така, беше направена анализа на постоечките локални, регионални, национални релевантни стратешки документи.

***Петта фаза***

Во петтата фаза следеше анализа на сите фактори кои ја сочинуваат внатрешната околина на учесниците во секторот занаетчиство на Град Скопје (SWOT анализа). Беа истакнати сите силни и слаби страни на секторот занаетчиство, од аспект на развој, можностите кои треба да се искористат, како и заканите од други надворешни фактори. SWOT анализата укажа на бројни силни страни и предизвици кои можат да се искористат за негување и развој на занаетчиството во Скопје.

***Шеста фаза***

Во шесттата фаза од концептот за изработка на Стратегија за занаетчиство се започна со подготовка на нацрт текст на овој стратешки документ, во кој беа дефинирани стратешките цели, приоритетите и активностите, согласно целите за одржлив развој.

***Седма фаза***

Во седмата, односно последната фаза се опфати финализирање на текстот на предлог Стратегија за негување и развој на занаетчиството, дефицитарните занаетчии и занаетите во изумирање во градот Скопје за период 2025-2028 година. Предлог Стратегијата треба да биде доставена до Советот на Град Скопје за нејзино разгледување и усвојување.

## 2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

***Мисија на Стратегијата за негување и развој на занаетчиството во Град Скопје (2025-2028)***

*Мисијата на Стратегијата е да се поттикне развојот, зачувувањето и промоцијата на занаетчиството и традиционалните и дефицитарните занаетчии и занаети кои се во изумирање во градот Скопје.* Со остварување на мисијата, стратегијата, како документ, ќе помогне да се создаде поволна средина за развој и негување на занаетчиството, обезбедувајќи негово долгогодишно опстојување и просперитет.

***Визија на Стратегијата за негување и развој на занаетчиството во Град Скопје (2025-2028)***

*Визијата на Стратегијата е градот Скопје да стане центар на занаетчиството, каде што традиционалните вештини и занаети се почитуваат, негуваат и*

*просперираат, создавајќи иновативна и динамична занаетчиска економија која го збогатува културниот и економскиот пејзаж на градот.* За остварување на визијата и мисијата потребно е Град Скопје и Занаетчиската комора-Скопје да имаат постојана соработа со сите релевантни засегнати страни во државата(Министерство за Економија и труд, Министерство за внатрешни работи,Министерство за култура и туризам, Министерство за образование и наука, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за европски прашања, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Занаетчиска комора на Република Северна Македонија, Занаетчиска комора –Скопје, Сојуз на Стопански комори, Државен пазарен инспекторат,општини во градот Скопје, Здружение Еснаф, Средните стручни училишта и други релевантни институции) како и со невладин сектор, меѓународни организации, занаетчиите и граѓаните на градот Скопје.

## 3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

За реализација на поставената визија, се дефинираа следните стратешки цели:

1. **Поволно деловно опкружување;**
2. **Претприемништво и иновации;**
3. **Продуктивен, конкурентен и дигитализиран сектор на занаетчии;**
4. **Поттикнување на развојот на мали и средни претпријатија и претприемништво.**

***<u>Стратешка цел: Поволно деловно опкружување</u>***

Градот Скопје ќе го подобри координирањето и интегрирањето на своите политики што ги засегаат занаетчиите и градот ќе ги подобри услугите што ги нуди на занаетчиите. Првата стратешка цел е поставена во насока на подобрување на локалните услови за водење бизнис, со цел да се задржат постоечките, но и да се поттикне отворање на нови работни места.

***<u>Стратешка цел: Претприемништво и иновации</u>***

Град Скопје треба да го промовира претприемачкото учење и да ја поддржува и промовира претприемачката култура. Потребно е да се работи на подобрување на условите за претприемништво, како и поддршка за иновациската дејност во сите сфери. Градот треба да има важна улога во поврзување на образовните институции со локалните организации и фирми. Град Скопје треба да се развие како град на нови идеи, иновации и град кој ќе биде во тек со глобалните трендови. Со развој во оваа насока ќе се отворат можности за нови полиња на инвестирање, ќе се развијат веќе постоечките идеи и ќе се подобри самата слика на градот, како град кој е во тренд со останатите метрополи во Европа и светот. Преку конкретни мерки и активности ќе се поттикнат сите занаетчии да развијат нови гранки, следење на нови технологии, еко одржливи бизниси, пробивање на нови производи и услуги на пазарот. Поголема соработка со универзитетите и институтите во процесот на иновација, истражувања и развивање на нови дејности е неопходна. Преку овој процес ќе се овозможи и да се зачуваат талентите, односно стипендирање на

студентите кои покажуваат стремеж кон развојот на нови технологии, како и помош при развојот на нивните идеи и модели.

***<u>Стратешка цел: Продуктивен, конкурентен и дигитализиран сектор на занаетчиство</u>***

Доколку занаетчиите сакаат да останат конкурентни како на домашниот, така и на меѓународниот пазар тие мора постојано да се надградуваат, да бидат во тек со најновите достигнувања, да го зголемуваат својот опсег на производи и услуги во согласност со потребите на пазарот. Преку постигнување на продуктивност и конкурентност. малите и средните претпријатија ќе остваруваат и поголем профит. Со цел да се соочат со ваквите предизвици, МСП треба да обрнат внимание на иновациските способности, на способноста да се развијат и апсорбираат нови технологии, поголемо познавање на пазарите на кои настапуваат и обезбедување на пристап до капитал. Град Скопје може да помогне во оваа насока со финансирање на програмски активности на бизнис инкубатори и центри за развој на иновации, зајакнување на дигиталната писменост кај занаетчиите, како и развивање на програми за услуги што ќе им помогнат на занаетчиите.

***<u>Стратешка цел: Поттикнување на развојот на занаетчиството и претприемништвото</u>***

Имајќи ја во предвид важноста на занаетчиите во деловното опкружување, како на национално ниво, така и на ниво на Град Скопје, потребно е да се поддржуваат занаетчиите преку доделување на финансиска и стручна поддршка и преку информирање на малите и средни претпријатија и стартапи за поволностите и можностите за аплицирање до европските фондови, бидејќи еден од поголемите проблеми со кој се соочуваат е токму пристапот до соодветни извори за финансирање. Инвеститорите и банките често пати се воздржуваат од финансирање на новоформираните претпријатија и малите бизниси бидејќи немаат да понудат соодветен колатерал (гаранција).

# 4. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ ПОЛИТИКИ И ЛЕГИСЛАТИВА ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## *4.1 Усогласеност со европски стратегии, планови и програми*

Стратегија за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје, со Акциски план за период од 2025-2028 година е усогласена со следните европски стратешки документи:

***Национална Стратегија за развој на занаетчиство на Р.С.Македонија 2012-2020***-Стратегијата предлага активности засновани на следните три столба: градење капацитети и поддршка за транзиција кон одржливост и дигитализација; намалување на регулаторниот товар и подобрување на пристапот до пазарот и подобрување на пристапот до финансирање на занаетчиите.

***Агендата за одржлив развој 2030 -*** претставува повик за трансформативно дејствување од страна на сите земји, со цел постигнување мир и просперитет за сите луѓе и заштита на планетата. Усвоена од сите земји - членки на ОН во септември 2015 година, Агендата 2030 идентификува 17 меѓусебно поврзани цели за одржлив развој, на коишто беа додадени 169 конкретни цели (таргети) и 232 индикатори. Целите за одржлив развој (ЦОР) се осврнуваат на глобалните предизвици поврзани со сиромаштијата, родовата нерамноправност, климата, деградацијата на животната средина, неправдата и насилството.

***Стратегијата за економски раст - Европа 2020*** - ги опфаќа целите и водечките иницијативи за иден економски регионален развој. Стратегијата ги опфаќа како краткорочните предизвици поврзани со кризата, така и потребата од структурни реформи што би се спровеле преку примена на мерки за зголемување на растот, кој, пак, е неопходен да се подготви европската економија за во иднина. ЕУ во оваа стратегија утврди пет амбициозни цели, и тоа за: вработување, иновации, образование, социјална вклученост и клима/енергија, кои било предвидено да се остварат до крајот на 2020 година.

***Актот за малите претпријатија на ЕУ (АМП 2011) -*** претставува сеопфатна рамка за политиката за МСП на ЕУ. Тој има за цел да го подобри приодот кон претприемништвото во Европа, да го поедностави окружувањето на регулативите и политиките за МСП и да ги отстрани преостанатите пречки за нивниот развој. АМП, што се надоврзува на Европската повелба за мали претпријатија(2000 год), ги утврдува следните приоритети: унапредување на претприемништвото, намалување на регулаторното оптоварување, подобрување до пристапот до финансии и подобрување на пристапот на МСП до пазарите и интернационализација.

***Стратегија за Југоисточна Европа 2020 (ЈИЕ 2020)-*** претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбри пристапи во политиките коишто се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ.

### *4.2 Усогласеност со национални стратешки документи*

Изработката на Стратегијата за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје, со Акциски план за период од 2025-2027 година е во согласност со националните стратешки документи:

***Национална развојна стратегија (НРС 2024-2044)*** – долгорочен стратешки документ, кој со инклузивен, аналитички и партиципативен пристап ќе „произведе“ аполитичен, инклузивен, долгорочен, развоен документ, со утврдени приоритети во интерес на општеството и државата.Преку современи и иновативни модели на развој, приспособени на домашниот контекст и засновани на широка и значајна консултација со сите засегнати страни, овој стратегиски документ ќе даде јасна визија за планирана и сигурна иднина за да се одслика меѓугенерациски, родов, меѓуетнички, меѓупартиски и долгорочен консензус

за приоритетите на државата, со цел да се обезбеди инклузивен, зелен и одржлив развој за сите, а особено за ранливите категории на луѓе.

***Национална стратегија за МСП (2018-2023 година)***- дефинира рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество, со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста, а во насока на зголемување на нивната конкурентност. Националната стратегија опфаќа три главни столба со програми за: поволно деловно окружување; зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП, како и динамичен екосистем на претприемништво и иновации.

***Програмата на економски реформи 2025-2027 (ПЕР)*** - е дел од процесот на поедноставениот европски семестар за земјите кандидати, инспириран од Европскиот семестар за земјите - членки на ЕУ. Програмата подразбира подобрување на економското управување и координацијата на економските политики, со цел обезбедување долгорочен економски раст и конкурентност согласно барањата од Копенхашките критериуми за членство во ЕУ. ПЕР е основа на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу земјите од Западен Балкан и ЕУ, во рамки на кои сеусвојуваат заеднички заклучоци со препораки за приоритетни реформи кои се однесуваат на фискалните политики, како и за структурните реформи што треба да бидат вклучени во националните буџети, а чие исполнување ЕУ редовно го следи и го оценува секоја година.

***Стратегија за женско претприемништво 2019-2023 година.*** Визијата на оваа стратегија е „Остварувањето на целта на вклученоста на жените во претприемачка активност, во зависност од различни фактори како би станале сила која придонесува во развојот на претприемачката клима и економијата.Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија има за цел економско јакнење на жените, преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал, начин преку којшто ќе се придонесе кон развој на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. Стратешки приоритети на оваа стратегија се:

- Креирање на поволен деловен амбиент (бизнис клима) за развој на женското претприемништво;
- Обезбедување на системска поддршка за развој на женското претприемништво;
- Креирање на инфраструктура за поддршка и развој на женското претприемништво;
- Промоција, вмрежување и застапување.

### *4.3 Усогласеност со стратешки документи на Град Скопје*

Во процесот на подготовката на оваа Стратегија беше вклучено и ревидирање на постоечките стратешки документи на Град Скопје и неговите сектори. Во оваа смисла, користени се следните документи: Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со Акциски план за период 2022-2025 година; Стратешки план на Град Скопје за период од 2023-2025 година; Стратегија за локален економски развој на Град Скопје за период 2022-2025 година, Буџет на Град Скопје за 2025

година; Програма на градоначалник на Град Скопје; Стратегија за развој на туризмот на Град Скопје за период 2024-2027 година; Програма на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за 2025 година; програми на секторите усвоени од страна на Совет на Град Скопје за 2025 година, Законот за Град Скопје и Законот за локалната самоуправа.

## 5. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЗАНАЕТЧИИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Согласно Законот за занаетчиство (Службен весник на РМ бр.215/15 и Службен весник на РСМ бр.215/21), занаетчија е физичко лице кое врши занаетчиска дејност и е запишан во Занаетчиски регистар.

Занаетчиска дејност е занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно уметничко ракотворење. Занаетчиска комора Скопје, согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност (Службен весник на РМ бр.62/2004) и Законот за занаетчиство (Службен весник на РМ бр.215/15 и Службен весник на РСМ 215/21), од 2007 година го Занаетчискиот регистар.

Со донесување на Законот за вршење на занаетчиска дејност во декември 2004 година, надлежен Регистар за упис на занаетчија е Занаетчискиот регистар кој електронски го води Занаетчиската комора како централен регистар и Занаетчиската комора Скопје, како основно регистрациско тело.

Советот на Град Скопје со Одлука утврдува кои занаети се дефицитарни. Последната одлука е донесена на 25.12.2012 година (Службен гласник на Град Скопје бр.19/2012), која треба да се ажурира, бидејќи со текот на времето дел од занаетите, станале дефицитарни.

Занаетчијата, согласно Законот, може да врши една или повеќе сродни занаетчиски дејности и продажба на своите производи. Занаетчијата може при вршењето на дејноста да врши продажба и на други производи кои служат на неговиот производ или услуга.

Занаетчискиот регистар се води како едношалтерски систем, занаетчијата на едно место со едно барање се упишува, прави промена и се брише од Занаетчискиот регистар. Занаетчиството во Старата скопска чаршија опфаќа разни занаети кои биле застапени на подрачјето на Старата скопска чаршија низ историјата.

Поволната местоположба и можностите коишто ги нудела Старата скопска чаршија овозможиле развој на повеќе занаети. Така, во нејзини рамки биле застапени изработката на кожа, волна, восок, тутун, срма, свилен конец, везени производи од чоја и други.

### *5.1 Појава на еснафи во XIX век*

Занаетчиството во Чаршијата било во забрзан развој во текот на XIX век, а кон крајот на столетието просторот на Чаршијата бил поделен врз основа на еснафската поделба меѓу занаетите.

Еснафот помагал во организирањето на целокупната работа на занаетчиите, па така тој ја пропишувал техниката на работа, начинот на снабдување со суровини, како и начинот на продавање.



### *5.2 Застој и опаѓање по крајот на XIX век*

Кон крајот на XIX век забележителен е период на застој во развојот на занаетчиството како последица на навлегувањето на европскиот капитал и појавата на евтините индустриски производи на пазарот. Многу од традиционалните занаети, како на пример кондураџискиот, абаџискиот, наланџискиот, терзискиот и срмаџискиот, започнале да изумираат во овој период, а на нивно место се развиле нови занаети, како што биле шапкарскиот, пегларскиот, кројачкиот, браварскиот и тапетарскиот занает. Во периодот по Првата светска војна, членовите на поранешните еснафи се вклопувале во новоосsnованите занаетчиско-трговски комори.

### *5.3 Традиционални занаети*

#### *5.3.1 Традиционални занаети и нивни карактеристики*

Традиционалниот занает се однесува на занаетчиски вештини и практики кои се пренесуваат од генерација на генерација, обично во рамките на одредена културна или регионална заедница. Овие занаети често се карактеризираат со употреба на рачно

изработени техники и материјали кои имаат длабоки корени во историјата и културното наследство на заедницата.



### *5.3.2 Карактеристики на традиционалните занаети:*

- **Рачна изработка:** Традиционалните занаети обично вклучуваат рачна работа и употреба на алатки кои се управуваат рачно, наместо машини.
- **Локални материјали:** Занаетчиите често користат материјали кои се достапни во локалната околина, како што се дрво, кожа, глина и текстил.
- **Културно наследство:** Овие занаети имаат културно значење и се дел од традициите и обичаите на заедницата. Тие честопати вклучуваат специфични дизајни, симболи и техники кои се предаваат од една на друга генерација.
- **Обучување и наследување:** Вештините и знаењата обично се пренесуваат преку директно обучување, често во рамките на семејствата или малите заедници.
- **Уникатност и квалитет:** Поради рачната изработка, секој производ е уникатен и има висока вредност поради квалитетот и вниманието на деталите.

### *5.3.3 Број на активни занаетчии по дејности, на територија на Град Скопје, запишани во Занаетчиски регистар заклучно со 31.12.2024 година*

| Ред.бр. | Дејност | Број на активни занаетчии |
|---|---|---|
| 1. | **Градежништво** | |
| | Архитектонски дејности | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Електроинсталатери | 20 |
| | Поставување на водовод,канализација, клима-уреди и инсталации за греење и плин | 20 |
| | Малтерисување | 6 |
| | Плочкари | 12 |
| | Молери | 15 |
| | Дејности на покривни конструкции | 4 |
| | Ролетари и други градежни инсталатерски работи | 19 |
| | | |
| 2. | **Електромашинство** | |
| | Леење на метали | 2 |
| | Производство на метални врати и прозорци | 2 |
| | Ковање, пресување, штанцување на метали (ковач, острач) | 6 |
| | Бравари | 21 |
| | Клучари | 7 |
| | Производство на алати | 1 |
| | Производство на други фабрикувани метални производи, неспомнати на друго место | 4 |
| | | |
| 3. | Златари | 73 |
| 4. | Часовничари | 3 |
| 5. | Поправка на музички инструменти | 3 |
| 6. | Автомеханичари | 123 |
| 7. | Сервисери на мотоцикли | 3 |
| 8. | Поправка на велосипеди | 4 |
| 9. | Сервисери на електронска и електрична опрема, електронски уреди, апарати за домаќинствата, сервисери на компјутери и опрема за комуникација | 36 |
| 10. | Столари (произвоство и поправка на мебел) | 43 |
| 11. | Дизајн, производство и поправка на облека | 100 |
| 12. | ДоврШување на текстил-бојаџија | 1 |
| 13. | Чевлари | 7 |
| 14. | Опинчари | 1 |
| 15. | Производство на обувки | 3 |
| 16. | Ташнари | 8 |
| 17. | Одгледување на други животни (медар, црвар) | 2 |
| 18. | Леблебиџии | 17 |
| 19. | Слаткари и производство на сладолед | 23 |
| 20. | Пекари | 29 |
| 21. | Кетеринг | 2 |
| 22. | Производство на макарони, њоки, слични тестенини | 9 |
| 23. | Производители на сапуни, детергенти, парфеми, етерични масла | 5 |
| 24. | Фризери | 445 |
| 25. | Козметичари | 120 |
| 26. | Објекти за фитнес | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Студиа за тетовирање | 19 |
| 28. | Салони за нега на домашни миленици | 17 |
| 29. | Производство на производи од гума | 1 |
| 30. | Стаклар | 2 |
| 31. | Производство на предмети од пластични маси | 5 |
| 32. | Каменоресци | 15 |
| 33. | Фотографи | 21 |
| 34. | Дејности за чистење на згради и објекти | 4 |
| 35. | Уметнички занаетчиски дејности и домашни ракотворби | 135 |
| 36. | Фотокопирање | 2 |

**Вкупно активни занаетчии заклучно со 31.12.2024 година: 1422 занаетчии**

*Извор: Занаетчиски регистар за територија на Град Скопје*

### *5.3.4 Број на ново регистрирани занаетчии во Занаетчиски регистар*

| Година | Број на ново регистрирани занаетчии |
|---|---|
| 2019 | 138 |
| 2020 | 153 |
| 2021 | 154 |
| 2022 | 198 |
| 2023 | 170 |
| 2024 | 187 |

### *5.3.5 Број на активни занаетчии поделени по општини кои подпаѓаат под територија на град Скопје заклучно со 31.12.2024година*

| Општина | Број на активни занаетчии |
|---|---|
| Аеродром | 200 |
| Бутел | 77 |
| Гази Баба | 138 |
| Ѓорче Петров | 102 |
| Карпош | 211 |
| Кисела Вода | 181 |
| Сарај | 21 |
| Центар | 245 |
| Чаир | 176 |

*Извор: Занаетчиски регистар за територија на Град Скопје кој го води Занаетчиска комора Скопје*

### *5.3.6 Дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачје на Град Скопје*

Дефицитарни занаетчии се занаетчиите кои се регистрирани согласно Закон за занаетчиство (“Службен весник на РМ ” бр.215/15 и “Службен весник на РСМ” бр.215/21) и оние кои имаат занаетчиска дозвола и обавуваат занаетчиски дејности во изумирање, кои согласно обработените податоци бележат намалување на активноста во континуитет. Дефицитарните занаетчии и занаетите во изумирање се воедно и традиционални занаети кои се карактеризираат со рачно изработени техники и материјали и кои имаат длабоки корени во историјата и културното наследство на заедницата. За разлика од

традиционалните занаети кои се предаваат од генерација на генерација, кај занаетите во изумирање тоа не е практика поради тоа што овие занаетчии нема кој да ги наследи и да ја продолжи нивната работа и поради тоа влегуваат во категорија на потенцијално изумирање.

### *5.3.7 Дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање по дејности, на територија на Град Скопје, запишани во Занаетчиски регистар заклучно со 31.12.2024 година*

| **Дејност** | **Број на регистрирани занаетчии заклучно со 31.12.2024година** |
|---|---|
| Јорганџија | 1 |
| Опинчари | 2 |
| Папуџија | 1 |
| Јажари | / |
| Крзнари | / |
| Грнчари | 1 |
| Шапкари | 1 |
| Свеќари | 2 |
| Венци | / |
| Сита | / |
| Ракотворби - корпар | / |
| Ракотворби – изработка на сувенири | 3 |
| Домашна ракотворба | 29 |
| Изработка на филигран, накит и слични производи | 33-филигран<br>27-бижутерија |
| Изработка на народни носии | 3 |
| Производство на музички народни инструменти | / |
| Поправка на музички инструменти | 3 |
| Производство на музички инструменти | / |
| Самарџија | / |
| Леење на метали (Леари) | 2 |
| Казанџија | / |
| Ковање, пресување, штанцување на метали (ковач, острач) | 2 |
| Лимари | 6 |
| Копчари | / |
| Клучари | 7 |
| Часовничари (Саатчија) | 3 |
| Стаклар | 2 |
| Резбар | / |
| Чевлари | 7 |
| Леблебиџии | 13 |
| Семкари | 4 |
| Мелачи на кафе | 2 |
| Плетачи | 3 |
| Довршување на текстил-бојаџија | 1 |

*Извор: Занаетчиска комора Скопје*

### *5.4 Профил на занаетчии*

Занаетчиската дејност претставува значајна гранка во секоја економија која обезбедува бројни користи и придобивки, не само за лицата кои се бават со занаетчиство, туку и за вкупната економија и општество.

***Вкупно регистрирани занаетчии на територија на град Скопје до 31.12.2024 изнесува 1422 занаетчии***. Заедно со останатите мали и средни претпријатија, оваа дејност е многу важен фактор при решавањето на бројни проблеми во националните економии и може да се каже дека оваа дејност е стабилизатор на краток рок, како и генератор за развој на економијата на долг рок. Огромното значење што го има оваа дејност се огледа низ призмата на вработеноста, иновативноста, претприемачкиот дух, флексибилноста, додадената вредност и потенцијалот со кој располагаат. Согласно податоците од Државниот завод за статистика, повеќе од 90% од активните субјекти во македонската економија спаѓаат во категоријата мали и средни претпријатија, каде се вклучени и занаетчиите. Она што претставува проблем и недостасува е издвојување на занаетчиската дејност како посебна категорија и објавување на најразлични статистички податоци и индикатори поврзани со работењето на занаетчиите. Ова го ограничува истражувањето и оневозможува подлабинска анализа за работењето и придонесот на занаетчиската дејност во вкупната економија.

Од расположливите податоци, се всушност податоците за демографија на претпријатијата во земјата, кои произлегуваат од статистичкиот деловен регистар и тие податоци, Државниот завод за статистика ги објавува на годишна основа. Во рамки на статистичкиот деловен регистар, Заводот прибира и објавува податоци за различни правни форми на претпријатија во земјата. Притоа, занаетчиите, согласно оваа класификација, не се издвоени како посебна група, туку се сместени во следните две групи: (1) групата на трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејности(2) групата на останати правни форми. На следниот графикон се прикажани податоци за бројот на активни претпријатија во овие две групи.

Графикон 1. Број на активни претпријатија според правна форма




*Извор: Државен завод за статистика*

Анализата на податоци јасно покажува намалување на бројот на активни претпријатија и во групата на трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност и во групата на останати правни форми (Графикон 1). Анализирано по сектори на дејности, најголем дел од овие претпријатија се во дејноста Трговија на големо и мало и поправка на возила, како и во Стручни научни и технички дејности (Графикон 2). Споредено со 2015 година, со исклучок на дејноста Градежништво, каде единствено е забележано зголемување на бројот на овие активни претпријатија, кај сите останати дејности е регистрирано нивно намалување. Треба да се истакне дека, согласно податоците на Државниот завод за статистика за бројот на згаснати претпријатија, најголем дел од згаснатите претпријатија се во секторот Трговија на големо и мало и поправка на возила и други услужни дејности. Од друга страна, податоците покажуваат дека и најголем дел од новосоздадените претпријатија во последните години припаѓаат на услужните дејности. Ова е доказ за проблемите со кои се соочуваат услужните дејности, во чии рамки посебно е изразен проблемот на нелојалната конкуренција со неформалниот сектор, но и на големата флексибилност со кој се карактеризира овој сектор.

Графикон 2. Активни претпријатија според секторот на дејност (збирно трговец поединец, физичко лице самостоен вршител на дејност и останати правни форми)




*Извор: Државен завод за статистика*

Непостоењето на издвоени податоци за занаетчиската дејност на ниво на државата претставува проблем за анализа, а со тоа се скратува и информационата база за креирање на подобри и посоодветни политики и мерки за унапредување и поддршка на оваа дејност. Занаетчиската комора Скопје обезбеди податоци за бројот на активни занаетчии кои функционираат во градот Скопје, а кои се регистрирани како самостојни вршители на дејност.

Преку анализите на овие податоци може да се добие информација за занаетчиите кои делуваат во градот Скопје. На крајот на 2024 година, согласно Регистарот на Занаетчиската комора Скопје, во градот Скопје има вкупно 1422 активни занаетчии. Повеќе од половината од вкупните занаетчии отпаѓа на фризерите, креативните занаети, автомеханичарите, козметичарите и оние кои се занимаваат со дизајн, производство и поправка на облека, при што најголемо поединечно учество имаат фризерите (31%) .

Графикон 3. Број на занаетчии во градот Скопје по дејности




*Извор: Занаетчиска комора- Скопје*

Споредено со Регистарот на занаетчии од 2010 година, вкупниот број на занаетчии во Град Скопје бележи зголемување од 13%, при што во структурата одредени занаети бележат зголемување, а одредени намалување. Така, поголемо зголемување бележи бројот на козметичари, додека позначајно намалување е забележано кај пекарите и слаткарите, златарите и чевларите. Интересно е да се потенцира дека во градот Скопје, согласно Регистарот на занаетчии, формално активни се само 17 електроинсталатори, 11 занаетчии кои се занимаваат со поставување на водовод, канализација, клима уреди и инсталации за греење и плин, 9 плочкари, двајца кои се занимаваат со чистење на згради и објекти и само еден молер. Со оглед на малите бројки, веројатно ова се и занаетчиските дејности каде е најприсутна сивата економија.

Податоците од Занаетчиската комора на Град Скопје за уписите во регистарот на занаетчии во Скопје покажуваат дека секоја година околу 150-200 нови занаетчии од Скопје се запишуваат во овој регистар (графикон 4). Притоа, една третина од новорегистрираните занаетчии отпаѓа на салоните за убавина, козметичките студија и фризерските салони.

Графикон 4. Новорегистрирани занаетчии по години




*Извор: Занаетчиска комора Скопје*

### *5.5 Занаетчиите и можностите за вработување и самовработување*

Занаетиството е дејност што нуди големи можности за самовработување и вработување. Во таа насока, Агенцијата за вработување ги спроведува следните мерки и поддршки за мали и средни претпријатија во кои влегуваат и занаетчиите:

#### *5.5.1. Поддршка за самовработување*

Програмата за самовработување е наменета за невработените лица со цел да започнат сопствен бизнис. Цел на програмата е да се поддржат невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања кај фирмите основани од лица со попреченост. Оваа програма вклучува обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис план и регистрирање на дејност. Неповратните грантови овие лица ќе ги добијат во парични средстваза започнување на бизнисот, како и менторство во време на започнување на бизнисот.

#### *5.5.2. Поддршка за креирање на нови работни места*

Поддршката за креирање нови работни места ќе влијае врз поттикнување на вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска

активност при вршење на дејност т.е активност класифицирана според Националната класификација на дејности, со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот. Поддршката за вработување може да биде во форма на субвенција на плати или во форма на грант за набавка на нова опрема и/или материјали.

### *5.5.3. Пристап до финансии*

Занаетчиите за да може да инвестираат, а со тоа да ја подобруваат својата продуктивност, да ја зголемуваат својата конкурентност, да генерираат нови вработувања, да ги промовираат иновациите и да придонесуваат за економскиот раст и развој на градот Скопје, потребно е да имаат лесен и брз пристап до финансии.
Финансиски средства за занаетчии нудат:

- Комерцијални банки;
- Владини програми;
- Агенција за вработување на РСМ, Програма самовработување;
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот;
- Министерство за економија: Поддршка и развој на мали и средни претпријатија; Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија; Развој на туризмот и угостителството во Република Македонија;
- Развојна банка на РСМ;
- Субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје;
- Финансирање на проекти за поддршка и развој на претприемништвото, иновациите и конкурентноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје;
- Финансирање на проектни активности за поддршка на женско претприемништво во градот Скопје;
- Финансирање на настани и манифестации од областа на занаетчиството и трговијата од интерес на Град Скопје;
- Локални партнерства на Град Скопје со меѓународни и домашни институции и други субјекти.

Според истражување на Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ), главниот двигател за поголемо вклучување на банките во понудата на кредити на малите и средни претпријатија е профитабилноста и добрата перспектива на овој сектор. Истовремено, резултатите од ова истражување посочуваат на присуство на одредени фактори поврзани со малите и средни претпријатија (слаб квалитет на финансиски извештаи, недостаток на соодветно обезбедување), коишто го отежнуваат процесот на кредитирање на овој сектор преку банкарскиот сектор.

### *5.5.4. Култура на претприемништво*

Претприемачката култура е нова култура на живеење, култура на негување на лични квалитети кои ја сочинуваат основата на претприемништвото: креативност, иницијатива, одговорност, независност, способност за преземање на ризик. Преку образованието, претприемачката култура треба да биде вклучена во животот на децата и младите уште од најрана возраст. Истовремено треба да се зголемува свеста кај родителите, заедницата и образовните институции дека претприемништвото е почитувана опција во кариерата. Оттука можеме да дојдеме до заклучок дека средните стручни образовни училишта кои се под ингеренции на Град Скопје обезбедуваат перспектива во занаетчиството за личен развој и можност за градење на кариера.

### *5.5.5. Услуги за деловен развој*

Под услуги за деловен развој се подразбира услуги како што се: обука, трансфер на технологија, маркетинг помош, деловни совети и сл. Тие имаат за цел да им помогнат на занаетчиите да ги подобрат перформансите на нивните бизниси. Услугите за развој на бизнисот традиционално се нарекуваат нефинансиски услуги, а понекогаш се нудат заедно со кредитни и други финансиски услуги. Имајќи ја во предвид важноста на малите и средните претпријатија, потребно е Град Скопје да овозможи пристап на занаетчиите до обуки, помош за талентирани занаетчии, отворање на инкубатори за занаетчии и акцелератори, како и технолошки паркови. Со создавање на деловно- технолошки паркови се овозможува давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност кој го забрзува успешниот раст на занаетчиските претпријатија во нивната рана фаза на развој, преку обезбедување на стартап претпријатија со низа потребни ресурси и услуги. На овој начин Град Скопје може да им помогне на ваквите претпријатија да растат и да станат поконкурентни и профитабилни.

## *5.6 Интегриран пристап при изработка на Стратегијата за негување на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје, за период 2025-2028 година*

### *5.6.1. Подобрување на социјалната инклузија во занаетчиството*

Еден од клучните столбови на интегрираната стратегија за развој на занаетчиството во градот Скопје е обезбедувањето на социјална инклузија. Занаетчискиот сектор треба да создаде можности за маргинализираните и недоволно претставени групи, вклучувајќи жени, млади и малцински заедници. Со промовирање на инклузивни политики, како што се поддршка на локални занаетчии, промоција на занаетчиство базирано на заедницата и понуда на специјализирани програми за обука, Град Скопје може да помогне придобивките од занаетчиството да бидат еднакво распределени во општеството.

Социјалната инклузија исто така подразбира обезбедување пристап за сите, како и развојот на инфраструктура која е достапна за лицата со попреченост, вклучувајќи работилници, продавници и јавни простори, со што ќе создаде инклузивна и

гостопримлива средина за занаетчиите и клиентите.

### *5.6.2. Одржлив развој на инфраструктурата*

Стратегијата за занаетчиството во градот Скопје треба да биде база за инвестиции во инфраструктурата која ќе поддржува долгорочна еколошка одржливост. Ова вклучува подобрување на условите во работилниците, модернизација на алатките и усвојување на зелени стандарди за производство на занаетчиски производи.

Енергетската ефикасност, зачувувањето на водата и намалувањето на отпадот треба да бидат составен дел на занаетчиските проекти. Промовирањето на зелени урбани простории и работилници кои користат обновливи извори на енергија ќе придонесе за заштита на животната средина и ќе ја зголеми атрактивноста на занаетчиството.

### *5.6.3. Промоција на еколошка одржливост*

Интеграцијата на еколошката одржливост во занаетчиската стратегија на Град Скопје е од клучно значење. Уникатните занаетчиски производи треба да бидат произведени со минимален еколошки отпечаток, зачувувајќи ја природната околина. Во оваа насока, одржливи занаетчиски практики, вклучувајќи рециклирање на материјали и употреба на еколошки суровини треба да се промовираат за да се минимизираат негативните влијанија врз животната средина. Ова вклучува едукација на занаетчиите за важноста на зачувување на животната средина и поттикнување на клиентите да поддржуваат еколошки одговорни производи.

### *5.6.4. Поттикнување на иновации и дигитализација*

Во време на глобализација, занаетчиската креативна индустрија во градот Скопје мора да прифати иновации и дигитализација. Интеграцијата на паметни технологии, како што се дигитални платформи за продажба на занаетчиски производи, проширена реалност (XR) за виртуелни тури низ работилниците и мобилни апликации за клиентска поддршка, значително може да го подобри искуството на клиентите. Овие алатки не само што ја зголемуваат удобноста, туку и обезбедуваат персонализирани услуги, помагајќи им на занаетчиите да допрат до поширока публика.

Дигиталните маркетинг стратегии, вклучувајќи ја употребата на социјалните медиуми и онлајн платформите, исто така можат да одиграат клучна улога во промоцијата на занаетчиството на глобалната сцена. Со користење на податоци и повратни информации од клиенти, занаетчиите може да ги прилагодат своите понуди според преференциите на модерните купувачи.

### *5.6.5. Градење на отпорност на кризи*

Стратегијата за занаетчиство на Град Скопје мора да вклучи мерки за зголемување на отпорноста на кризи, како што се економски шокови и природни катастрофи. Пандемијата на КОВИД-19 ја истакна ранливоста на глобалните економии, нагласувајќи ја потребата од робусни планови за управување со кризи.

Развојот на механизми за одговор на кризи, диверзификацијата на занаетчиските понуди и формирање на силни партнерства со локалните бизниси и меѓународни организации се клучни чекори за заштита на занаетчискиот сектор во градот Скопје од идни нарушувања. Ова вклучува обука на занаетчиите за управување со кризи и опремување на бизнисите со алатки потребни за брза адаптација на променливите околности.

### *5.6.6. Соработка и ангажман на засегнатите страни*

Интегрираниот пристап кон развојот на занаетчиството бара активна соработка помеѓу различните засегнати страни, вклучувајќи ја локалната самоуправа, приватниот сектор, граѓанското општество и меѓународните организации. Ангажманот на засегнатите страни е клучен за усогласување на интересите на различните групи и за обезбедување на тоа дека Стратегијата за занаетчиство носи придобивки за сите учесници.

Јавно-приватните партнерства можат да бидат значајни за привлекување на инвестиции и поттикнување на иновации, додека учеството на заедниците во планирањето на занаетчиството може да обезбеди локалните гласови да бидат слушнати и локалните потреби задоволени.Занаетчискиот потенцијал на градот Скопје може да се реализира целосно преку интегриран пристап кој ги балансира економскиот раст со социјалната инклузиј, еколошката одржливост, иновациите и отпорноста на кризи. Со прифаќање на одржливите практики, поттикнувањето на соработката и користењето на дигиталните алатки, Град Скопје може да го промовира занаетчискиот сектор кој не само што ќе привлекува клиенти, туку и ќе го подобри квалитетот на животот на неговите жители и ќе ги заштити неговите природни и културни ресурси за идните генерации. Овој холистички пристап ќе го позиционира градот Скопје како конкурентна и одржлива дестинација за занаетчиство на глобалниот пазар.

# 6. SWOT И PESTLE АНАЛИЗА

## *6.1 SWOT анализа*

SWOT анализата е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка и идентификација на предностите, слабостите, можностите и заканите, со цел да се обезбеди сеопфатна евалуација на стратегијата. Тоа вклучува одредување на целта на стратегијата и идентификување на внатрешни или надворешни фактори, поволни или неповолни, за да се постигне целта.

| ***1. СИЛНИ СТРАНИ - STRENGTHS*** | *2. **СЛАБИ СТРАНИ - WEAKNESSES*** |
|---|---|
| **Единствен регистар на ниво на Град Скопје** кој што се води во Занаетчиска Комора Скопје и на едно место ги има сите занаетчии, како база;<br>**Постоење на многу локации** во градот каде што може да се промовира занаетчиството; | **Ограничени финансиски ресурси:** Недоволни финансиски средства за поддршка на сите занаетчии и активности од страна на надлежните институции; |

| | |
|---|---|
| - **Голем интерес** од страна на занаетчиите да учествуваат на проекти за промоција на занаетчиството од типот сувенир на Град Скопје;<br>- **Културно наследство:** Богатата историја на занаетчиството во Скопје е основа за понатамошен развој(како што е постоењето на Старата Скопска Чаршија);<br>- **Образовни програми:** Добро развиени образовни и тренинг програми за млади занаетчии и средни стручни училишта на територијата на градот Скопје;<br>- **Промоција и меѓународна видливост:** Активни кампањи за промоција на занаетчиството на локално и меѓународно ниво;<br>- **Постоење на голем број на уникатни занаети**<br>- **Голем интерес од страна на туристите за занаетите во градот Скопје и нивните производи.** | - **Застарена опрема:** Некои занаетчии користат стара и неефикасна опрема која го ограничува нивниот потенцијал;<br>- **Недоволнарегулатива:** Непостоење на соодветни закони и регулативи кои ги штитат занаетчиите и нивната работа;<br>- **Недоволна поддршка на занаетчиите, нивните проекти и активности** преку програмите на централно и локално ниво и создавање услови за унапредување на занаетчиството, како и на потребата од донесување на нова Одлука за стари занаети по доставување на иницијативите од страна на Занаетчиска Комора Скопје до Советот на Град Скопје;<br>- **Долги и бавни административни процеси за одобрување на користење на јавни површини** и голем финансиски трошок за ниско профитабилни бизниси (креативни занаети,пуканки, костени и друго;<br>- **Недоволна заштита на старите занаети од изумирање** и стратегија за ослободување од давачки само да функционираат и да го промовираат традиционалното занаетчиство. |
| *3. МОЖНОСТИ - OPPORTUNITIES*<br><br>- **Интеграција на модерни технологии:** Воведување на нови технологии и материјали кои можат да го модернизираат занаетчиството;<br>- **Поддршка од Владата, од локалната самоуправа, институциите како и од домашните и меѓународните фондови и поддршка од Град Скопје -** Програми и грантови за поддршка на занаетчиството;<br>- **Туризам и културни манифестации:** Развој на туристички програми и културни манифестации кои можат да привлечат посетители и да промовираат занаетчиство;<br>- **Меѓународна соработка:** Партнерства со меѓународни организации и | *4. ЗАКАНИ/ПРЕЧКИ -THREATS*<br><br>- **Економски непредвидливости:** Економската нестабилност може да влијае негативно на финансирањето и одржливоста на занаетчиството;<br>- **Застарување на занаетите:** Постојана закана од изумирање на дефицитарните занаетчии и традиционалните занаети поради модернизација и глобализација;<br>- **Незаинтересираност за продолжување на традиционалните бизниси и немање работна сила (човечки фактор):** Традиционалните занаети и занаетчиите во изумирање се соочуваат со недостиг на работна сила (работници) кои се заинтересирани да го продолжат бизнисот; |

| | |
|---|---|
| занаетчиски комори, здруженија за размена на знаења и искуства. | **Конкуренција од масовно производство:** Занаетчиите се соочуваат со конкуренција од евтини, масовно произведени производи. |

SWOT анализата укажува на бројни силни страни и можности кои можат да се искористат за негување и развој на занаетчиството во градот Скопје. Истовремено, оваа анализа открива и слабости и закани кои треба да се адресираат за да се обезбеди одржливост и успех на оваа Стратегија.

Со правилно планирање и имплементација на мерки за поддршка, оваа Стратегија може да го поттикне развојот на занаетчиството и да го постави градот Скопје како центар на културно и економско богатство.

## 6.2 PESTLE (PESTEL) АНАЛИЗА

PESTLE анализата (PESTEL анализа) е метод кој се користи за процена и идентификација на надворешните фактори кои можат да влијаат на Стратегијата. Акронимот PESTLE ги претставува следниве фактори:

**P – Политички (Political):** Фактори кои се однесуваат на политичката стабилност, законодавни промени, даночни политики, и други политички влијанија.

**E – Економски (Economic):** Економски услови кои влијаат на бизнисот, како што се инфлација, стапка на невработеност, курс на валута, каматни стапки и економски раст.

**S – Социјални (Social):** Социјални и културни фактори, како што се демографија, образовни нивоа, општествени трендови и потрошувачки навики.

**T – Технолошки (Technological):** Развој на нови технологии, иновации и начини на кои технологијата може да влијае на бизнис процесите или производите.

**L –Легални (Legal):** Законски и регулаторни рамки, како што се работнички права, здравствени стандарди и безбедносни закони.

**E – Еколошки (Environmental):** Екологија, како што се климатски промени, одржливост, регулативи за заштита на животната средина и трендови во еколошка одговорност.

Со помош на PESTLE анализата беа идентификувани можностите и заканите што произлегуваат од овие фактори и се прави длабинска проценка на надворешните фактори кои влијаат на успехот и напредокот на занаетчиството.




# 7. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ПОДДРШКА, ПРОМОВИРАЊЕ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

## *7.1 Преедлог Проект: „Кампања за подигнување на свеста за важноста на занаетчиската дејност“*

**Цел и значење**

Проектот ***Кампања за подигнување на свеста за важноста на занаетчиската дејност*** има за цел да ја зголеми свеста за значењето на занаетчиството и да поттикне поголем број ученици да се запишат во средните стручни училишта на територија на градот Скопје. Кампањата ќе вклучи различни активности и иницијативи кои ќе ги таргетираат работодавачите и средните стручни училишта. Оваа иницијатива ќе ја поддржи Занаетчиската комора Скопје (ЗКС), со поддршка од Град Скопје.

***Клучни компоненти на кампањата***

**Промотивни активности во основните училишта**

- **Презентации и работилници**: Организирање на презентации и работилници во основните училишта каде што ќе се објаснува важноста на занаетчиството и можностите што ги нудат средните стручни училишта. Овие активности ќе вклучуваат интерактивни сесии каде учениците ќе можат да видат и да учествуваат во занаетчиски активности.

- **Посети на работилници**: Организирање на посети на занаетчиски работилници каде учениците ќе можат директно да видат како се изработуваат занаетчиските производи и да се запознаат со занаетчиите.

**Маркетинг и медиумска кампања**

- **Медиумска промоција**: Спроведување на медиумска кампања преку телевизија, радио, печатени медиуми и интернет, која ќе ги промовира занаетчиството и неговите придобивки. Кампањата ќе вклучува интервјуа со успешни занаетчии и ученици кои се дел од стручните училишта.

- **Социјални медиуми**: Активна промоција на социјалните медиуми преку официјалните профили на Град Скопје и Занаетчиска Комора Скопје. Ова вклучува и користење на хаштагови, видеа и интерактивни содржини за да се привлече вниманието на младите.

**Соработка со работодавачите**

- **Интервјуа и семинари:** Организирање интервјуа и семинари со работодавачите кои ќе објаснат зошто занаетчиите се важни за нивните бизниси и какви можности нудат за вработување и кариера.

- **Практична настава и стажирање**: Вклучување на работодавачите во обезбедување на можности за практична настава и стажирање за учениците од стручните училишта. Ова ќе им овозможи на учениците да стекнат практично искуство и да се подготват за идните работни места.

**Поддршка и вклучување на средните стручни училишта**

- **Промоција на училиштата**: Промовирање на средните стручни училишта и нивните програми преку маркетинг материјали, брошури и веб-страници. Ова ќе помогне да се информираат учениците и родителите за можностите што ги нудат овие училишта.

- **Денови на отворени врати**: Организирање на денови на отворени врати во средните стручни училишта, каде што учениците и родителите ќе можат да посетат училишните простории, да разговараат со наставниците и да видат демонстрации на занаетчиските активности.

**Награди и признанија**

- **Натпревари и изложби**: Организирање на натпревари и изложби каде што учениците ќе можат да ги покажат своите занаетчиски вештини и креации. Ова ќе ги мотивира учениците да се заинтересираат за занаетчиството и да ги развиваат своите вештини.

- **Награди за најдобри ученици и училишта**: Доделување на награди и признанија за најдобрите ученици и училишта кои ќе учествуваат во

кампањата. Овие награди ќе бидат признание за трудот и посветеноста на учениците и наставниците.

**Мониторинг и евалуација**

- **Следење на резултатите**: Воспоставување на систем за мониторинг и евалуација на резултатите од кампањата. Ова ќе вклучува собирање на податоци за бројот на ученици запишани во средните стручни училишта, нивниот успех и задоволството на учесниците.

- **Анализа и подобрување**: Редовна анализа на податоците и прилагодување на кампањата врз основа на добиените резултати. Ова ќе обезбеди континуирано подобрување на активностите и постигнување на целите на кампањата.

**Кампањата за подигнување на свеста за важноста на занаетчиската дејност** ќе придонесе за зајакнување на свеста за значењето на занаетчиството и ќе ги поттикне учениците да се запишуваат во средните стручни училишта на територија на градот Скопје. Со соодветна поддршка од Град Скопје и Занаетчиската комора, оваа кампања ќе помогне во развојот на занаетчиството, создавање на нови можности за младите и зачувување на културното наследство на градот.



### *7.2 Проект: Стручни натпревари на ниво на Град Скопје*

**Цел и значење**

Проектот ***Стручни натпревари на ниво на Град Скопје*** има за цел да ги промовира занаетчиските вештини и да ја зголеми свеста за значењето на стручните образовни профили меѓу младите. Преку организирање на овие натпревари, учениците од средните стручни училишта ќе имаат можност да ги покажат своите вештини, додека учениците од основните училишта ќе можат поблиску да се запознаат со различните занаетчиски профили и да се мотивираат да се запишат во средно стручно училиште.

**Организација на натпреварите**

**Категории на натпревари**: Натпреварите ќе бидат организирани по различни категории, вклучувајќи занаетчиски профили како што се дрводелство, металопреработка, текстил и мода, кулинарство, електротехника, автомеханика и други.

**Локација и време**: Натпреварите ќе се одржуваат во различни локации во градот Скопје, вклучувајќи средни стручни училишта, изложбени простори и јавни места. Натпреварите ќе се одржуваат во текот на учебната година, со финален натпревар на крајот на годината

**Вклучување на основните училишта**

**Покани и промоција**: Основните училишта ќе бидат поканети да учествуваат и да ги испратат своите ученици да го посетат настанот. Промоцијата ќе вклучува испраќање на покани, организирање презентации и работилници во основните училишта за да се објасни значењето на стручните натпревари и занаетчиските профили.

**Презентации**: За учениците од основните училишта ќе бидат организирани презентации каде што ќе можат да ги видат натпреварите во живо и да учествуваат во практични активности под водство на стручни лица и ученици од средните стручни училишта.

**Оценување и награди**

**Комисии за оценување**: За секоја категорија ќе бидат формирани комисии составени од стручни лица и претставници на индустријата кои ќе ги оценуваат изведбите на учениците според однапред дефинирани критериуми.

**Награди и признанија**: Најдобрите ученици во секоја категорија ќе добијат награди и признанија. Наградите ќе вклучуваат стипендии, алатки и опрема, сертификати за учество и други стимули кои ќе ги поттикнат учениците да продолжат со своите занаетчиски активности.

**Практична настава и стажирање**

**Можности за стажирање**: Натпреварите ќе обезбедат можност за учениците да стекнат практично искуство преку стажирање во компании и работилници. Работодавачите ќе

бидат вклучени во проектот со цел да обезбедат места за практична настава и стажирање за најдобрите ученици.

**Практични работилници**: Организирање на практични работилници каде што учениците ќе можат да работат на реални проекти и да ги применуваат своите вештини во пракса.

***Промоција и медиумска покриеност***

**Медиумска кампања**: Спроведување  на медиумска кампања која ќе вклучува реклами на телевизија, радио, печатени медиуми и интернет. Кампањата ќе ги промовира натпреварите и ќе ги истакне успешните приказни на учениците.

**Социјални медиуми**: Активна промоција на социјалните медиуми преку објави, видеа, интервјуа и фотографии од натпреварите. Во оваа промоција ќе се користат на хаштагови и интерактивни содржини за зголемување на интересот и учеството.

***Мониторинг и евалуација***

**Следење на резултатите**: Воспоставување на систем за мониторинг и евалуација на резултатите од натпреварите. Ова ќе вклучува собирање на податоци за бројот на учесници, нивниот успех и задоволството на учесниците.

**Анализа и подобрување**: Редовна анализа на податоците и прилагодување на натпреварите врз основа на добиените резултати. Ова ќе обезбеди континуирано подобрување на активностите и постигнување на целите на проектот.

### *7.3. Проект : „Занаетчиски базар на домашни уметнички ракотворби“*

**Цел на проектот:** Целта на овој проект е да се создаде посебен простор на територијата на градот Скопје, каде што занаетчиите ќе можат да ги промовираат, презентираат и продаваат своите производи. ***Занаетчискиот базар на домашни уметнички ракотворби*** ќе обезбеди платформа за занаетчиите да ги покажат своите вештини и да ја зголемат својата видливост на пазарот.

**Локација:** Просторот за Занаетчискиот базар на домашни уметнички ракотворби може да биде организиран на некоја локација на територија на градот Скопје, согласно потребите на занаетчиската дејност.




**Активности и функции:**

**1. Промоција и продажба:** ***Занаетчискиот базар*** ќе овозможи занаетчиите да ги изложуваат и продаваат своите производи директно на посетителите. Ова ќе им даде шанса за поголема видливост и директен контакт со клиентите.

**2. Презентации:** Занаетчиите ќе имаат можност да организираат презентации на своите техники и вештини што ќе ги привлекува посетителите и ќе создава интерактивно искуство.

**3. Туристичка атракција:** ***Занаетчискиот базар*** ќе биде вклучен во туристичките понуди на тур-операторите на градот Скопје. Како место за посета на туристите, Занаетчискиот Базар ќе привлекува домашни и странски посетители, со што ќе се зголеми видливоста и продажбата на занаетчиските производи.

**4.Културни настани:*****Занаетчискиот базар***ќе биде идеален за организирање културни настани, фестивали и изложби поврзани со занаетчиството. Овие настани ќе привлечат голем број посетители и ќе го збогатат културниот живот на градот.

**5. Одржливост и бенефит за сите вклучени**: ***Занаетчискиот базар***би бил создаден со цел да биде одржлив и да донесе бенефит за сите вклучени страни. Занаетчиите би имале место каде што би можеле да ги претставаат и продадат своите производи, а Град Скопје би добил атрактивна туристичка дестинација која ќе го збогати културното и економското наследство на градот.

**6.Зголемена соработка и инклузија:** ***Занаетчискиот базар***исто така би ја поттикнал соработката меѓу занаетчиите, размена нанивните идеи и вештини, како и зголемена инклузија на различни занаетчиски групи, вклучувајќи маргинализирани и недоволно претставени групи, како и родова еднаквост.

7. **Културен и туристички аспект:** Овој проект би овозможил збогатување на културниот живот во градот Скопје, додавајќи ново ниво на атрактивност за туристите. Како дел од туристичките понуди, Занаетчискиот базар би можел да биде место каде што посетителите ќе можат да научат повеќе за традиционалните македонски занаети и да уживаат во рачно изработените производи.

Со овие мерки, *Занаетчискиот базар* ќе придонесе за одржливиот развој на занаетчиството во градот Скопје и ќе создаде нови можности за занаетчиите да ги претставаат и продаваат своите производи.

### *7.4 Проект : „Улица на занаетите“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е зачувување на културното наследство, традицијата и занаетчиството и заживување на Старата Скопска Чаршија.

**Локација:** Стара Скопска Чаршија

Предлог е локацијата за ***Улицата на занаетите*** да биде во Старата Скопска Чаршија. Ова место е најавтентично и ги обединува културното наследство, традицијата и занаетчиството на градот Скопје. Со векови, Чаршијата била центар на трговија и занаетчиство и затоа е совршена локација за оживување на овие традиции.

**Промоција и продажба на занаетчиски производи:** ***Улицата на занаетите*** ќе биде место каде што занаетчиите ќе можат да вршат промоција и продажба на своите производи. Оваа улица ќе биде опремена со работилници и продавници каде што посетителите ќе можат да ги набљудуваат занаетчиите додека работат, како и да купат уникатни, рачно изработени предмети. Ова не само што ќе овозможи занаетчиите да ги претставаат своите вештини и креации, туку и ќе создаде автентично искуство за посетителите.

**Туристичка атракција:*****Улицата на занаетите*** ќе биде значаен дел од туристичката понуда на градот Скопје. Вклучувањето на оваа улица во туристичките водичи и пакети ќе привлече домашни и странски туристи, зголемувајќи ја видливоста и продажбата на занаетчиските производи. Туристите ќе имаат можност да доживеат и научат повеќе за македонските традиционални занаети, да учествуваат во работилници и да понесат дома уникатни сувенири.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Со создавање на ***Улица на занаетите***, Град Скопје ќе даде значителна поддршка за развојот на занаетчиството. Оваа иницијатива ќе

обезбеди простор за занаетчиите да работат и да ги развиваат своите бизниси, а исто така им овозможува и пристап до поголема публика. Со ова, се создава можност за економски раст и зачувување на културното наследство.

**Инклузивност и соработка**: ***Улицата на занаетите*** ќе поттикне соработка меѓу занаетчиите и ќе овозможи размена на идеи и вештини. Ова ќе помогне во зајакнување на занаетчиската заедница и поддршка на маргинализираните и недоволно претставени групи. Занаетчиите ќе можат да се поврзат со локалната заедница и да допрат до нови клиенти.

Создавањето на ***Улица на занаетите*** во Старата Скопска Чаршија ќе придонесе за зачувување и промоција на традиционалните, дефицитарните, како и занаетите во изумирање, ќе ја зголеми туристичката атрактивност на градот и ќе обезбеди економски можности за занаетчиите. Овој проект ќе ја зајакне културната и економската вредност на градот Скопје и ќе помогне во зачувување на неговото уникатно наследство.

### *7.5 Проект: „Избор на сувенири на Град Скопје“*

**Цел и значење:**

Овој проект има за цел да промовира уникатни производи кои ги одразуваат културата, традицијата и уметноста на градот. Сувенирите претставуваат важен дел од туристичкото искуство и помагаат во зачувување на спомените за посетителите. Тие исто така имаат потенцијал да ја зголемат видливоста и популарноста на локалните занаетчии.

**Процес на избор**

***Прибирање на предлози*:** Организирање јавен повик за занаетчиите и уметниците од градот Скопје да поднесат предлози за сувенири. Овие предлози треба да ги вклучуваат дизајнот, материјалите и концептот за производите.

***Комисија за избор*:** Формирање на комисија составена од експерти за занаетчиство, култура, туризам и маркетинг која ќе ги разгледува и оценува поднесените предлози.

- *Критериуми за избор*: Оценувањето ќе се базира на критериуми како што се: автентичност, квалитет на изработка, естетика, функционалност и потенцијал за продажба.

- *Јавна анкета*: Организирање јавна анкета каде што граѓаните и посетителите на градот Скопје ќе можат да ги гласаат своите омилени сувенири. Ова ќе помогне да се идентификуваат најпопуларните и најпривлечни производи.

- *Награди и признанија*: На изработувачите на најдобри сувенири ќе им се доделат награди и признанија, со цел да се поттикне креативноста и иновацијата меѓу занаетчиите.

- *Промоција и продажба*: Избраните сувенири ќе бидат промовирани преку различни маркетинг канали, вклучувајќи веб-страници, социјални медиуми, туристички водичи и настани. Производите ќе биде достапни за продажба во туристичките центри, сувенирниците и онлајн продавниците.

### *7.6 Проект : „Брендирање на занаетчиски производ“*

**Цел и значење:**

Овој проект има за цел да создаде препознатлив и атрактивен идентитет за локалните занаетчии и нивните производи. Брендирањето помага во зголемување на довербата и интересот за производите, правејќи ги попривлечни за купувачите.

**Процес на брендирање**

- Идентификација на производите: Селектирање на занаетчиски производи кои имаат висок квалитет, уникатен дизајн и потенцијал за комерцијален успех.
- Развој на бренд стратегија: Создавање на сеопфатна стратегија за брендот која вклучува дефинирање на целната група, уникатната понуда и пораки кои ќе ги комуницира брендот.
- Дизајн на бренд идентитет: Развој на визуелен идентитет на брендот кој вклучува логотип, амбалажа, етикети и маркетинг материјали. Дизајнот треба да биде привлечен, конзистентен и во согласност со вредностите на брендот.
- Промоција на брендот: Лансирање на брендот преку различни маркетинг канали, вклучувајќи веб-страници, социјални медиуми, настани и промотивни кампањи. Целта е да се зголеми свеста за брендот и да се привлечат нови купувачи.
- Поддршка за занаетчиите: Обезбедување на обуки и ресурси за занаетчиите, со цел да научат како да го промовираат и продаваат својот бренд. Ова вклучува маркетинг, управување со брендот и продажни стратегии.

**Бенефити од брендирањето**

- Зголемена видливост: Препознатливиот бренд ќе ги истакне производите на пазарот и ќе ги направи поатрактивни за купувачите.
- Поголема доверба: Добро брендираните производи создаваат доверба кај купувачите, што резултира со поголема лојалност и повторни купувања.
- Подобра конкурентност: Брендирањето помага во диференцирање на производите од конкуренцијата и создавање на уникатна пазарна позиција.

- Економски раст: Успешното брендирање може да резултира со зголемени приходи и развој на занаетчиите и нивните бизниси.

### *7.7 Проект : „Пролетен и новогодишен базар“*

**Цел и значење:**

Пролетниот и новогодишниот базар во градот Скопје претставуваат два од најпосетуваните настани во градот, кои создаваат магична атмосфера и ги обединуваат локалната заедница и посетителите од целиот регион. Овие базари не само што ја збогатуваат празничната сезона и пролетното будење, туку и претставуваат важна платформа за промоција и поддршка на локалните занаетчии.

***Пролетен базар***

- Овој базар е посветен на прославата на пролетта и новите почетоци, нудејќи различни рачни изработки, традиционални и модерни производи, како и органски и локално произведена храна и пијалоци. Посетителите имаат можност да уживаат во живата музика, уметнички перформанси и интерактивни активности, создавајќи пријатна атмосфера.

***Новогодишен базар***

- Новогодишниот базар во Скопје започнува во средината на декември и трае до почетокот на јануари. Оваа манифестација ја носи магијата на празничната сезона, нудејќи богата програма која вклучува празнични декорации, новогодишни подароци, рачни изработки, како и топли пијалаци и вкусни зимски јадења. Посетителите можат да уживаат во традиционалниот новогодишен дух, украсените штандови и осветлувањето кое го претвора градот во вистинска зимска бајка. Новогодишниот базар исто така вклучува музички настапи, театарски претстави и детски активности, правејќи го идеален за семејства и сите генерации.

**Вклученост на занаетчиите**

Занаетчиите играат клучна улога и во пролетниот и во новогодишниот базар. Тие ги изложуваат своите рачни изработки, вклучувајќи накит, текстилни производи, декорации, сувенири и многу други уникатни предмети. Ова им овозможува на занаетчиите да ја промовираат својата работа и да ги продадат своите производи на поширока публика. Посетителите можат да се информираат за тоа како се произведуваат овие предмети и да ги купат директно од занаетчиите, што создава автентично и персонализирано искуство.

Пролетниот и новогодишниот базар во Скопје претставуваат настани кои го збогатуваат културниот живот на градот и ја поддржуваат локалната економија. Со вклученоста на занаетчиите, овие базари ја промовираат важноста на рачната изработка и

културното наследство, создавајќи уникатна и магична атмосфера која ги привлекува посетителите.

### *7.8 Проект : „Денови на занаетчиството“*

**Цел и значење:**

***Денови на занаетчиството*** во градот Скопје е посебен настан посветен на промоција и поддршка на традиционалните, дефицитарните и современи занаетчии. Оваа манифестација има за цел да ја подигне свеста за значењето на занаетчиството, да го поттикне интересот кај младите генерации и да обезбеди платформа за занаетчиите да ги претстават своите вештини и производи. Настанот се одржува во текот на неколку дена и ги вклучува сите аспекти на занаетчиството. Локацијата е вообичаено во централните делови на градот Скопје, каде што се поставени специјални штандови и павилјони, што овозможува лесен пристап за сите посетители. Занаетчиите кои учествуваат на овој настан доаѓаат од различни делови од градот и ги претставуваат сите видови занаети, вклучувајќи столарски занает, изработка на керамика, текстил, накит, ковачкиот занает и многу други. Нивното учество не само што го збогатува настанот, туку и обезбедува уникатно искуство за посетителите, кои можат да ги видат мајсторите на дело, како и да купат автентични рачни изработки директно од занаетчиите.

### *7.9 Проект: Доделување на локации за поставување на тезги или киосци за користење на јавни површини во градот Скопје*

**Цел и значење:**

Доделување на локации за поставување на тезги или киосци низ градот Скопје за изложување и продажба на занаетчиски производи како што се: ракотворби, семки, костени, пченки, и слично ќе им овозможи на занаетчиите полесен пристап до јавни локации каде можат да ги презентираат и продаваат своите производи, поттикнувајќи го развојот на занаетчиството и зајакнувајќи ја локалната економија.

**Јасни и транспарентни критериуми:** Дефинирање јасни и транспарентни критериуми за доделување на локации, со цел да се обезбеди фер и еднаков пристап за сите занаетчии. Критериумите ќе бидат објавени на веб-страницата на Град Скопје и достапни за јавноста.

***Бенефити***

**Поголема учествувачка активност:** Мотивација на занаетчиите да учествуваат во повеќе јавни настани и манифестации. Ова ќе ја зголеми видливоста на нивните производи и ќе помогне во промоцијата на занаетчиството.

**Зачувување на културното наследство:** Поддршката за занаетчиите, особено за оние кои практикуваат традиционални занаети, ќе помогне во зачувувањето на културното наследство на градот. Ова ќе го збогати културниот живот во Скопје и ќе привлече повеќе туристи. Со ова ќе им се овозможи на занаетчиите полесен пристап до јавните површини,

ќе ги охрабри да учествуваат во јавни настани и ќе придонесе за културниот и економски развој на градот.

### *7.10 Проект : „Мапирање на занаетчиски зони во градот Скопје“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е креирање на мапа за полесен пристап до занаетчиите

**Локација:** Мапирањето ќе се однесува на занаетчииските дејности на територија на градот Скопје.

**Туристичка атракција:** Мапата ќе овозможи туристите да се запознаат со местата каде има занаетчиски дејности.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Со создавање на оваа мапа, градот ќе има евиденција за постоечките занаетчии и занаетчиски дејности во насока на превземање на мерки и активности за зачувување на културното наследство.

### *7.11 Проект : „Спроведување на кампања за зголемување на свеста за потребата од користење на услуги и купување на производи од локалните занаетчии“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е развој и потикнување на локалната економија во градот Скопје.

**Туристичка атракција:** Промовирање на занаетчиските услуги и производи на локалните занаетчии.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Со овој проект се очекува овие занаетчии да дадат придонес на локалната економија и воедно да се промовира нивната уникатност,како и традицијата на Македонија, преку поврзување на традиционалното и современото.

### *7.12 Проект : „Субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е финансиска поддршка на занаетчиите чија активност бележи тренд на опаѓање, односо изумирање кои бележат намалување на активностите во континуитет.

**Локација:** Со овој проект ќе бидат опфатени занаетчиите на територија на град Скопје.

**Туристичка атракција:** Со оваа финанансиска помош се очекува на промоција на дефицитарните занаети кои се интересни за странските туристи.

### *7.13 Проект : Финансирање на настани и манифестации од областа на занаетчиството и трговијата од интерес на град Скопје*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е организиирање на настани и фестивали кои ќе го промовираат занаетчиството и занаетчлиите.

**Локација:** Локации кои се атрактивни на територија на градот Скопје.

**Туристичка атракција:** Реализацијата на следните манифестации и настани, како што се: „Ден на филигранство", фестивал „Ритам на Чаршијата", „Месец на трговијата во Град Скопје", „Фестивал на виното", „Фестивал на пивото" , „Скопје Тајмлес", Фестивал "Модерно Скопје" и сл.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Преку организирање на овие настани и манифестации се очекува да се зголеми интересот и бројот на туристите во градот Скопје.

### *7.14 Проект : „Финансиска поддршка на млади занаетчииза стекнување на вештини и превземање на знаења од старите мајстори на дефицитарни занаети"*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е потикнување на младите да се занимаваат со занаетчиска дејност, преку организирање на обуки кои ќе ги спроведуваат стари мајстори на дефицитарни занаети.

**Локација:** Подрачјето на градот Скопје.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Внесување на креативност и иновации во занаетчиската дејност.

### *7.15 Проект : „Трансфер на занаења, искуства и добри практики од збратимени и други градови, можности за искористување на средства на ЕУ и други фондови"*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е размена на знаења и јакнење на капацитетите на занаетчии од Град Скопје и збратимени и други градови, учество на саеми, како и нови можности за искористување на средства од ЕУ и други фондови.

**Локација:** Територијата на градот Скопје и збратимени и други градови.

**Туристичка атракција:** Меѓусебна промоција на производите и услугите на саеми, базари и други настани и манифестации.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Можност на занаетчиите да се промовираат и да ги следат модерните тренови, размена на искуство и сл.

### *7.16 Проект : „Финанисирање на проекти за поддрпка на претприемништво, иновации и конкурентност на МСП( занаетчиите) на подрачје на Град Скопје“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е поддршка и развој на МСП (занаетчии) на локално ниво во насока на родова еднаквост, родово сензитивно буџетирање и локален економски развој.

**Локација:** Мали и средни претпријатија на подрачјето на градот Скопје.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** Финансиска поддршка на нивните проекти со цел поголема застапеност и промоција.

### *7.17 Проект : „Веб портал за занаетчии“*

**Цел на проектот:**

Целта на овој проект е презентирање и промоција на занаетчиски производи и услуги и нивна продажба.

**Туристичка атракција:** Употреба на дигитални технологии за промоција на занаетчиството, што ќе предизвика интерес кај туристите.

**Поддршка и развој на занаетчиството:** На овој начин се очекува да се поврземе со нашите традиционални занаетчии и да ја промовираме нашата традиција и историја преку употреба на модерни алатки.

# 8 АКЦИСКИ ПЛАН СО ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ПОДДРШКА, ПРОМОВИРАЊЕ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 2025 – 2028 ГОДИНА

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД ОД 2025-2028 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешки цели** | **Мерки и проекти** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** | **Индикатори за успех** |
| **ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ** | Мапирање на занаетчиски зони во градот Скопје | Град Скопје во соработка со други релевантни институции | 2025-2028 | Изработена мапа на занаетчиски зони на подрачјето на градот Скопје |
| | Финансирање на настани иманифестации од областа на занаетчиството и трговијата од интерес на Град Скопје | Град Скопје | 2025-2028 | Финансирање на најмалку 2 настани и манифестации годишно |
| | Спроведување на кампања за зголемување на свеста за потребата од користење на услуги и купување на производи од локалните занаетчии | Занаетчиска комора во соработка со Град Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Спроведена минимум една кампања годишно |
| | Субвенционирање на дефицитарни занаетчиии занаети во изумирање | Град Скопје | 2025-2028 | Субвенционирани минимум 15 дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ** | Финансиска поддршка на млади занаетчии за стекнување на вештини и превземање на знаења од старите мајстори на дефицитарни занаети | Град Скопје, во соработка со други релевантни институции | 2025-2028 | Финансиска поддршка на минимум 2 млади занаетчии |
| | Доделување на локации за поставување на тезги или киосци за користење на јавни површини во градот Скопје | Град Скопје | 2025-2028 | Доделени минимум 3 локации годишно |
| | Кампања за подигнување на свеста за важноста на занаетчиската дејност | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје | 2025-2028 | Организирање на една кампања годишно |
| **ПРОДУКТИВЕН, КОНКУРЕНТЕН И ДИГИТАЛИЗИРАН СЕКТОР НА ЗАНАЕТЧИСТВО** | Улица на занаетите | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје | 2025-2028 | Организирање на минимум еден настан годишно |
| | Стручни натпревари на ниво на Град Скопје | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Организирање на минимум еден натпревар годишно |
| | Веб портал за занаетчии | Занаетчиска комора Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Активен и функционален веб портал за занаетчии |
| | Избор на сувенири на Град Скопје | Град Скопје, во соработка со Занаетчиска Скопје и | 2025-2028 | Организирање на еден избор на 3 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | други релевантни институции | | |
| | Трансфер на занаења, искуства и добри практики од збратимени и други градови, можности за искористување на средства на ЕУ и други фондови | Град Скопје, во соработка со други релевантни институции | 2025-2028 | Склучен минимум еден меморандум за соработка |
| **ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО** | Финанисирање на проекти за поддршка и развој на претприемништво, иновации и конкурентноста на МСП (занаетчиите) на подрачјето на Град Скопје | Град Скопје | 2025-2028 | Финансирани минимум 5 проекти годишно |
| | Занаетчиски Базар на домашни уметнички ракотворби | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Организирање на еден Базар годишно |
| | Пролетен и новогодишен базар | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Организирање на еден Пролетен и еден Новогодишен базар годишно |
| | Брендирање на занаетчиски производ | Занаетчиска комора Скопје во соработка со Град Скопје и други релевантни институции | 2025-2028 | Тековно во текот на годината |
| | Денови на занаетчиството | Занаетчиска комора Скопјево соработка со Град Скопје | 2025-2028 | Организирање на минимум еден настан годишно |
| | | | | |

I. **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Стратегијата за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје за периодот 2025-2028 година, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______________
__________ 2025година
С к о п ј е

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

_______________________

# Образложение

Со член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 10 став 1 точка 3 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04 и 158/11), како надлежност од јавен интерес од локално значење е локалниот економски развој.

Развојот на занаетчиството, како и негувањето и развојот на дефицитарните занаетчии и занаети во изумирање е надлежност на Град Скопје и единиците на локалната самоуправа на територијата на Градот. При тоа, Град Скопје има специфична улога во делот на обврската за изработка на Стратегија за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје за периодот 2025-2028 година.

Од тие причини, а согласно надлежноста и програмските активности, Секторот за локален економски развој на Град Скопје пристапи кон изработка на Стратегија за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје, за периодот 2025-2028 година.

Со овој стратешки документ ќе се определат стратешките цели и приоритети кои ќе се реализираат преку определени програми, дефинирани проекти и конкретни активности, во рамките на определен буџет.

Целта на стратешкото планирање во областа на занаетчиството е да се проектира иднината на градот на начин што ќе овозможи да се реализира визијата на градот во следните 4 години во оваа област.

Стратешките цели поставени во Стратегијата се очекува да се реализираат во временската рамка од 2025-2028 година. Тие ги опфаќаат проектите и активностите кои ќе придонесат за развој и поддршка на занаетчиството и дефицитарните занаетчии и занаети во изумирање преку субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање во градот Скопје, како и финансиска поддршка за млади занаетчии, мапирање на занаетчиски зони во градот Скопје, спроведување на кампања за зголемување на свеста за потребата од користење на услуги и купување на производи од локалните занаетчии, финансиска поддршка на млади занаетчии за стекнување на вештини и превземање на знаења од старите мајстори на дефицитарни занаети, доделување на локации за поставување на тезги или киосци за користење на јавни површини во Град Скопје, трансфер на занаења, искуства и добри практики од збратимени и други градови и можности за искористување на средства од ЕУ и други фондови, финансирање на настани и манифестации од областа на занаетчиството и трговијата од интерес на Град Скопје,

инклузивност, финансирање на проекти за поддршка и развој на претприемништво, иновации и конкурентноста на МСП (занаетчиите) на подрачјето на Град Скопје, стручни натпревари на ниво на Град Скопје, реализација на настаните Денови на занаетчиството, Пролетен и Новогодишен базар, Занаетчиски базар на домашни и уметнички ракотворби, Избор на најдобри сувенири, Веб портал за занаетчии за поголема промоција на занаетчиските дејности и занаетчиството воопшто во градот Скопје, Брендирање на занаетчиски производ, Улица на занаетчии, можности за искористување на потенцијалните извори за финансирање на Стратегијата.

Реализацијата на проектите од стратешкиот документ, со акциски план ќе биде поддржана од Буџетот на Град Скопје, но и од други извори на финансирање.

Стратегијата за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје за периодот 2025-2028 година е изработена од страна на Град Скопје, во соработка со Занаетчиска комора Скопје. Занаетчиска комора Скопје во постојана соработка со Секторот за локален економски развој го изработија текстот за Стратегијата за периодот 2025-2028 година. Во текот на процесот на изработка на овој документ беа одржани две работилници и повеќе состаноци, со вклученост на преставници од релевантни институции од областа на занаетчиството кои дадоа значителен придонес во изработката на оваа Стратегија, која е во насока на развој на занаетчиството во град Скопје.

Целта на оваа стратегија е поддршка и промоција на традиционалните и дефицитарни занаети, на нашата вековна историја, значењето и улогата на старите занаети како дел од нашата култура и традиција.

Преку реализација на предлог-проектите од стратегијата, очекуваме да се унапреди интересот за изучување на занаетите, подобрување на вештините, размена на искуство и добри практики и зголемување на вработувањето во областа на занаетчиските дејности.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Стратегијата за негување и развој на занаетчиство, дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на Град Скопје за периодот 2025-2028 година.